Одделот за судење во разумен рок на Врховниот суд на Република Северна Македонија, согласно член 68 став 5 од Судскиот деловник и член 41 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на ден 25.10.2021 година, ги утврди следните заклучоци поврзани со пресудата на Европскиот суд за човекови права Синадиновска против Република Северна Македонија бр.27881/06 од 16 јануари 2020 година :

**ЗАКЛУЧОК**

**Пресудата на Европскиот суд за човекови права Синадиновска против Република Северна Македонија А.бр.27881/06 од 16 јануари 2020 година ќе претставува референтна одлука на која овој суд ќе се повикува и ќе ја цитира секогаш, кога ќе одлучува во предмети кои се слични со случајот Синадиновска против РСМ.**

**ЗАКЛУЧОК**

**Во случај на поднесено повторно барање за заштита на правото на судење во разумен рок од ист подносител и за иста судска постапка која е сеуште во тек , правно релевантниот период повторно ќе се определи сметано од иницијалниот акт, само доколу претходно поднесеното барање за заштита на правото на судење во разумен рок било одбиено како неосновано.**

**ЗАКЛУЧОК**

**Извршувањето на правосилна пресуда заради остварување на судски утврдено право е составен дел на иницијалната граѓанска постапка и правно релевантниот период секогаш ќе се определува сметано од поведувањето на граѓанската постапка.**

**ЗАКЛУЧОК**

**При одлучување по поднесено барање за заштита на правото на судење во разумен рок, предмет на оценка ќе биде и времетраењето на постапката водена по повод ефикасен вонреден правен лек пред Врховниот суд на Република Северна Македонија.**

ОДДЕЛ ЗА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК